Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# ПУБЛИКАЦИЈА бр. 20
## Мај - Јуни 2009
## ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***

***1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар во изминатиот период***

- ***1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија***
- ***1.2 Движења на секундарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија***
- ***1.3 Преглед на сопственичка структура на недостасани структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење***
- ***1.4 Кредитен рејтинг на Република Македонија од агенциите за кредитен рејтинг Fitch и Standard and Poor's***
- ***1.5 Издавање на втората Еврообврзница***

***2 Пазар на државни хартии од вредност***

- ***2.1 Примарен пазар***
- ***2.2 Секундарен пазар***
  - ***2.2.1 Македонска берза***
  - ***2.2.2 Пазар преку шалтер***

***3 Календар на аукции за третиот квартал во 2009 година***

***4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)***

***5 Контакти***

***Јули, 2009***

www.finance.gov.mk

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## 1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија

Трендот на раст на каматните стапки на пазарот на државни хартии од вредност (во натамошниот текст: ДХВ) издадени во денари (без девизна клаузула), кој започна од почетокот на годината продолжи и во периодот мај-јуни од годината. При тоа, може да се согледа дека во текот на мај и јуни, каматните стапки на пазарот на ДХВ бележат зголемување кај сите рочности. Во анализираниот период реализирани се пет емисии на 3-месечни државни записи, две емисии на 6-месечни државни записи, и две емисии на 12-месечни државни записи.

Просечната пондерирана каматна стапка која беше постигната на аукциите на 3-месечните државни записи во текот на мај изнесуваше 9,05%, додека на аукциите во јуни истата се зголеми за 0,29 процентни поени и изнесуваше 9,34%. Пондерираната каматна стапка кај 6-месечните државни записи на аукцијата во мај изнесуваше 8,80%, а на аукција реализирана во јуни изнесуваше 8,99% што претставува раст од 0,19 процентни поени.

Во текот на јуни е одржана и аукција на 3-месечни државни записи со девизна клаузула, при што се спроведе тендер со износи, со претходно одредена каматна стапка која изнесуваше 5,25%, додека на аукцијата на 12-месечните државни записи со девизна клаузула каматната стапка беше утврдена на ниво од 7,00%. Покрај редовните аукции, во текот на јуни се одржа и едно повторно отворање на аукција (Re-opening) на 12-месечни државни записи[1] при што каматната стапка исто така изнесуваше 7,00%.

Почнувајќи од јуни 2009 година, Министерството за финансии воведе и државни хартии од вредност со девизна клаузула, со цел подобро да одговори на потребите на потенцијалните инвеститори на пазарот на ДХВ. Овој финансиски инструмент се среќава во праксата на повеќе земји во светот меѓу кои во Хрватска, Бугарија, Турција и други. Во анализираниот период се одржаа три аукции на државни записи со девизна клаузула.

Генерален заклучок е дека на аукциите на ДХВ, кои беа реализирани во овој период, побарувачката е поголема во однос на понудениот износ, односно вкупниот износ на ДХВ кој беше понуден на аукциите изнесуваше 8,50 милијарди денари, а побарувачката за истите изнесуваше 8,54 милијарди денари. Процентот на покриеност на понудата во однос на побарувачката во анализираниоте период

1 На 23.06.2009 година се изврши повторно отворање на аукцијата ДЗ2009/03-364.

изнесуваше 100,43%, што претставува зголемување за 37,51 процентни поени во однос на претходниот два месеци (март-април), кога покриеноста на понудата изнесуваше 62,92%.

Во сопственичката структура на недостасаните ДХВ, и понатаму доминантно место имаат комерцијалните банки од Република Македонија. Заклучно со последната аукција на ДХВ одржана во јуни, процентуалното учество на банките изнесува 52,59%, што претставува намалување за 13,42 процентни поени во однос на април 2009 година. Исто така, намалување на процентуалното учество во структурата се забележува и кај осигурителните друштва од 0,61 процентни поени, и кај учеството на штедилниците од 0,34 процентни поени. Спротивно на намалувањето на процентуалното учество во сопственичката структура на недостасани ДХВ на горе наведените инвеститори, кај останатите инвеститори се забележува зголемување на нивното процентуално учество. Имено, учеството на категоријата "друго" е зголемено за 11,24 процентни поени, на пензиските фондови е зголемено за 2,98 процентни поени и на физичките лица за 0,16 процентни поени.

## ***1.2 <u>Движења на секундарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија</u>***

Во текот на мај - јуни 2009 година, на пазарот преку шалтер е утврдено незначително тргување со ДХВ (државни записи и државни обврзници), односно се реализирани три трансакции со државни записи. Вкупниот номинален износ на тргувањето со државни записи изнесуваше 7,07 милиони денари, со просечна цена од 98,9697 и просечен принос до достасување од 9,45%.

На Македонската берза во текот на мај се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 2,964 милиони евра, а вкупниот промет на тргување[2] со структурните обврзници го достигна нивото од 1.793 илјади евра или 140,43 милиони денари. Просечниот принос до достасување беше на ниво од 8,17%.

Вкупниот обем на тргување со структурни обврзници во јуни изнесуваше 3,860 милиони евра, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 3,081 милиони евра или 188,788 милиони денари. Просечниот принос до достасување забележа ниво од 7,22%.

Во јуни обемот на тргување со структурни обврзници е поголем за 0,89 милиони евра во однос на обемот на тргување во мај, како и прометот на тргување со структурните обврзници кој е зголемен за 1,288 милиони евра во однос на

2Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност.

претходниот месец. Просечниот принос до достасување во јуни е намален за 0,95 процени споредено со истиот во март. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај државните обврзници (континуирани и структурни) во мај и јуни е еднакво и изнесува 3,93%.

### ***1.3 Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење заклучно со јуни, 2009 година***

Заклучно со јуни 2009 година, вкупната состојба на недостасаните структурни државни обврзници* е 242,35 милиони евра, од кои 122,98 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за денационализација (осум емисии на државни обврзници за денационализација), а 119,37 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за старото девизно штедење. Вкупниот број на имателите на недостасани државни обврзници е 123.607 од кои 7.925 се иматели на обврзници за денационализација, а 99.392 се иматели на обврзници за старото девизно штедење. Исто така, од вкупниот износ на недостасани структурни обврзници, 151,39 милиони евра се во сопственост на физички лица, а 90,96 милиони евра се во сопственост на правни лица. Од вкупниот износ кој е во сопственост на правните лица, 28,89 милиони евра или 31,76 % се во сопственост на банките, 0,571 милиони евра или 0,63% се во сопственост на брокерските куќи, а останатите 65,50 милиони евра или 67,61% се во сопственост на останатите правни лица.

Соодносот во сопственичката структура на недостасани структурни државни обврзници меѓу физичките и правните лица во јуни 2009 година споредбено со април 2009 година, бележи намалување на учеството на правните лица за 0,79 процентни поени во однос на учеството на физичките лица кое е зголемено за истата разлика. Во јуни соодносот меѓу физичките и правните лица изнесува 62,47 спрема 37,53 респективно.

### ***1.4 Кредитен рејтинг на Република Македонија од агенциите за кредитен рејтинг Fitch и Standard and Poor's***

На 21.05.2009 година кредитната рејтинг агенција Fitch додели нова ревидирана оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска и за домашна валута BB+ со негативен изглед. Претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг во 2008 година беше: BB+ рејтинг со стабилен изглед за странска и домашна валута. Во исто време, агенцијата ги потврди оценките за краткорочниот

* Обврзници за денационализација и обврзници за старо девизно штедење.

рејтинг во странска валута B и плафонот за земјата BBB-.

На 01.05.2009 година кредитната рејтинг агенција Standard and Poor's додели нова ревидирана оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска валута BB/негативен изглед и за домашна валута BB+/негативен изглед. Претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг во 2008 година беше: за странска валута BB+/негативен изглед и за домашна валута BBB-/негативен изглед.

Трендот на намалување на оценките за кредитниот рејтинг е карактеристичен за повеќето земји од регионот како резултат на последиците од глобалната финансиска криза врз нивните економии.

### 1.5 Издавање на втората Еврообврзница

На 30 јуни 2009 година, Министерството за финансии во име на Република Македонија изврши успешна емисија на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал во износ од 175 милиони евра. Рокот на кој е издадена еврообврзница е 3,5 години, односно истата ќе достаса во јануари 2013 година. Купонската каматна стапка која беше постигната изнесува 9,875% годишно, што е приближно еднакво на каматниот трошок по кој досега се задолжуваше Република Македонија со издавање на континуирани државни хартии од вредност на домашниот пазар, а при тоа имајќи предвид дека нивната рочност е помала од рочноста на издадената еврообврзница.

Оваа хартија од вредност од страна на рејтинг агенциите за кредитен рејтинг Standard & Poor's и Fitch беше оценета со BB+ и BB, соодветно. За големиот интерес за купување на оваа еврообврзницата говори и фактот што побарувачката беше поголема од понудениот износ дефиниран во проспектот за издавање за 48,6 милиони евра, а инвеститорската база е географски дисперзирана по целиот европски континент и пошироко и ја сочинуваат инвеститори од Велика Британија (59,9%), Швајцарија (11,3), Бразил (8,6%), Австрија (6,9%), Данска (5,1%), Германија (3,1%), Грција (2,9%), Бенелукс (1,5%), и други земји (0,7%). Главните купувачи се друштва за управување со средства (35,8%), пензиски фондови (22,9%), инвестициони фондови (18,6%), приватни банки (10,8%), банки (7,6%), осигурителни фондови (3,4%), и други (0,9%).

На овој начин, Министерството за финансии ефикасно ги обезбеди потребните средства за непречено финансирање на Буџетот на Република Македонија и продолжување на реализацијата на проектите на Владата на Република Македонија.

Исто така емисијата има ефекти и врз домашниот пазар. Поради обезбедените средства и задоволените буџетски потреби во моментот, Министерството за финансии има можност повеќе да се фокусира кон втората

функција што ја има издавањето на ДХВ - развој на пазарот. Друг ефект е психолошкиот ефект врз инвеститорите кај кои поради успешноста на Еврообврзницата би се вратила довербата и нивниот интерес кон ДХВ, како и промоцијата на Република Македонија пред инвеститорите на меѓународниот пазар на капитал.

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# 1 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 1.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ мај 2009 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | | | |
| | DZ2009/10-91 | DZ2009/11-91 | DZ2009/05-182 | - | - | - |
| ISIN код | MKMINFDZ9096 | MKMINFDZ9104 | MKMINFDS9053 | - | - | - |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | - | - | - |
| Дата на аукција | 05.05.2009 | 19.05.2009 | 05.05.2009 | - | - | - |
| Дата на достасување | 05.08.2009 | 19.08.2009 | 04.11.2009 | - | - | - |
| Максимална каматна стапка | 9,45 | 9,45 | 9,00 | - | - | - |
| Минимална каматна стапка | 8,20 | 8,75 | 8,00 | - | - | - |
| Пондерирана каматна стапка | 8,90 | 9,20 | 8,80 | - | - | - |
| Постигната цена | 97,7996 | 97,7270 | 95,7407 | - | - | - |
| Понуда | 1.600.000.000 | 2.000.000.000 | 300.000.000 | - | - | - |
| Побарувачка | 1.490.950.000 | 987.660.000 | 132.260.000 | - | - | - |
| Реализација | 1.290.950.000 | 959.660.000 | 132.260.000 | - | - | - |
| Реализација на конкурентни понуди | 1.290.950.000 | 958.910.000 | 132.260.000 | - | - | - |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 750.000 | 0 | - | - | - |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 | - | - | - |
| Bid to cover ratio* | 1,15 | 1,03 | 1 | - | - | - |
| Доставени понуди | 27 | 37 | 4 | - | - | - |
| Прифатени понуди | 26 | 35 | 4 | - | - | - |

| | Резултати од аукции на ДХВ јуни 2009 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | | 6 месеци | 12 месеци | |
| | DZ2009/12-91 | DZ2009/13-91 | DZ2009/14-91dk | DZ2009/06-182 | DZ2009/03-364dk | DZ2009/03-357dk* |
| ISIN код | MKMINFDZ9112 | MKMINFDZ9120 | MKMINFDZ9V68 | MKMINFDS9061 | MKMINFDY9030 | MKMINFDY9V12 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 91 | 182 | 364 | 357 |
| Дата на аукција | 02.06.2009 | 16.06.2009 | 16.06.2009 | 02.06.2009 | 16.06.2009 | 23.06.2009 |
| Дата на достасување | 02.09.2009 | 16.09.2009 | 16.09.2009 | 02.12.2009 | 16.06.2010 | 16.06.2010 |
| Максимална каматна стапка | 9,50 | 9,50 | - | 9,00 | - | - |
| Минимална каматна стапка | 8,75 | 9,00 | - | 8,80 | - | - |
| Пондерирана каматна стапка | 9,24 | 9,43 | - | 8,99 | - | - |
| Каматна стапка | - | - | 5,25 | - | 7,00 | 7,00 |
| Постигната цена | 97,7187 | 97,6707 | - | 95,6517 | - | - |
| Цена | - | - | 98,6903 | - | 93,3901 | 93,5089 |
| Понуда | 1.200.000.000 | 1.200.000.000 | 650.000.000 | 200.000.000 | 350.000.000 | 1.000.000.000 |
| Побарувачка | 646.210.000 | 1.517.060.000 | 1.326.830.000 | 104.200.000 | 878.350.000 | 1.453.350.000 |
| Реализација | 646.210.000 | 902.060.000 | 650.000.000 | 104.200.000 | 350.020.000 | 1.000.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 646.210.000 | 902.060.000 | - | 104.200.000 | - | - |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 0 | - | 0 | - | - |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | - | 1 | - | - |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1,68 | 2,04 | 1 | 2,51 | 1,45 |
| Доставени понуди | 23 | 17 | 14 | 2 | 16 | 14 |
| Прифатени понуди | 23 | 16 | 14 | 2 | 16 | 14 |

* Повторно отворање на аукција 12 месечни државни записи со ознака DZ2009/03-364dk

**Извор: Министерство за финансии**

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг




*Графикот не ги опфаќа каматните стапки од аукциите на ДХВ со девизна клаузула

***Извор: Министерство за финансии***




***Извор: Министерство за финансии***

www.finance.gov.mk

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*







***Извор: Министерство за финансии***




***Извор: Министерство за финансии***

*www.finance.gov.mk*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

**Состојба на недостасани ДХВ**




***Извор: Министерство за финансии***

**Сопственичка структура на недостасани ДХВ, април 2009**




**Сопственичка структура на недостасани ДХВ, јуни 2009**




***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и укажува на сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | **Државни записи** | | **Државни обврзници** | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2 години** | | **3 години** | | | |
| **Времетраење (Duration)*** | 30 април 2009 | 30 јуни 2009 | 30 април 2009 | 30 јуни 2009 | 30 април 2009 | 30 јуни 2009 | 30 април 2009 | 30 јуни 2009 |
| Просечно денови | 47,22 | 60,96 | 319,15 | 267,59 | 313,28 | 253,92 | 93,48 | 91,87 |
| Просечно години | 0,13 | 0,17 | 0,87 | 0,73 | 0,86 | 0,70 | 0,26 | 0,25 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## *Крива на принос на ДХВ на примарен пазар*




***Извор: Министерство за финансии***




***Извор: Министерство за финансии***

## 1.1 Секундарен пазар

### 1.1.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Мај 2009 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 93,50 | 92,00 | 92,62 | 28.05.2009 | 119.224,00 | 6.782.250,00 | 110.452,00 | 8,17% |
| РМДЕН01 | 92,00 | 92,00 | 92,00 | 19.05.2009 | 27.944,00 | 1.578.321,00 | 25.708,00 | 8,04% |
| РМДЕН02 | 90,10 | 89,30 | 89,30 | 22.05.2009 | 73.809,00 | 4.076.361,00 | 66.394,00 | 8,24% |
| РМДЕН03 | 87,10 | 87,00 | 87,00 | 21.05.2009 | 21.081,00 | 1.127.369,00 | 18.358,00 | 8,21% |
| РМДЕН04 | 85,50 | 84,30 | 84,30 | 20.05.2009 | 96.814,00 | 5.051.309,00 | 82.257,00 | 8,44% |
| РМДЕН05 | 84,00 | 82,00 | 82,00 | 22.05.2009 | 31.100,00 | 1.587.128,00 | 25.853,00 | 8,50% |
| РМДЕН06 | 83,00 | 80,40 | 81,00 | 21.05.2009 | 162.663,00 | 8.091.534,00 | 131.866,00 | 8,08% |
| РМДЕН07 | 81,00 | 79,00 | 80,00 | 21.05.2009 | 40.581,00 | 1.992.344,00 | 32.452,00 | 7,93% |
| РМДЕН08 | 76,00 | 74,90 | 75,30 | 29.05.2009 | 2.391.361,00 | 110.144.352,00 | 1.793.881,00 | 7,91% |

| Јуни 2009 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 94,30 | 91,50 | 93,10 | 30.06.2009 | 161.672,00 | 9.211.149,00 | 150.245,00 | 8,13% |
| РМДЕН02 | 90,00 | 88,00 | 90,00 | 29.06.2009 | 133.694,00 | 7.362.077,00 | 119.878,00 | 7,30% |
| РМДЕН03 | 88,00 | 86,00 | 87,62 | 23.06.2009 | 32.121,00 | 1.701.428,00 | 27.723,00 | 6,92% |
| РМДЕН04 | 85,10 | 83,00 | 85,10 | 30.06.2009 | 236.954,00 | 12.315.688,00 | 201.078,00 | 7,20% |
| РМДЕН05 | 84,00 | 82,00 | 83,10 | 30.06.2009 | 122.986,00 | 6.228.316,00 | 101.476,00 | 6,71% |
| РМДЕН06 | 82,50 | 81,00 | 81,50 | 30.06.2009 | 134.129,00 | 6.683.838,00 | 109.181,00 | 7,22% |
| РМДЕН07 | 79,90 | 77,00 | 79,90 | 30.06.2009 | 96.104,00 | 4.606.397,00 | 75.123,00 | 7,20% |
| РМДЕН08 | 79,50 | 75,00 | 78,56 | 30.06.2009 | 2.943.143,00 | 140.679.606,00 | 2.296.344,00 | 7,04% |

***Извор: Македонска берза АД Скопје***

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2008 И 2009**

| Странски инвеститори | Јун-08 | Јул-08 | Авг-08 | Сеп-08 | Окт-08 | Ное-08 | Дек-08 | Јан-09 | Фев-09 | Мар-09 | Апр-09 | Мај-09 | Јун-09 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 7,68% | 7,97% | 7,35% | 7,34% | 5,24% | 5,10% | 4,77% | 4,40% | 4,34% | 4,34% | 3,93% | 3,93% | 3,93% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

***Извор: Македонска берза АД Скопје***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг




*Извор: Македонска берза АД Скопје*




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

www.finance.gov.mk

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 1.1.2 Пазар преку шалтер




**Извор: НБРМ**




**Извор: НБРМ**

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар**




***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 2 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ТРЕТИОТ КВАРТАЛ ВО 2009 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| III | Јули | DZ2009/15-91 | 07.07.2009 | 08.07.2009 | 07.10.2009 | 91 |
| | | DZ2009/07-182 | 07.07.2009 | 08.07.2009 | 06.01.2010 | 182 |
| | | DZ2009/16-91 | 21.07.2009 | 22.07.2009 | 21.10.2009 | 91 |
| | | DZ2009/04-364 | 21.07.2009 | 22.07.2009 | 21.07.2010 | 364 |
| | Август | DZ2009/17-91 | 04.08.2009 | 05.08.2009 | 04.11.2009 | 91 |
| | | DZ2009/08-182 | 04.08.2009 | 05.08.2009 | 03.02.2010 | 182 |
| | | DZ2009/18-91 | 18.08.2009 | 19.08.2009 | 18.11.2009 | 91 |
| | | DO2009/05-0811 | 25.08.2009 | 27.08.2009 | 27.08.2011 | 02 |
| | Септември | DZ2009/19-91 | 01.09.2009 | 02.09.2009 | 02.12.2009 | 91 |
| | | DZ2009/09-182 | 01.09.2009 | 02.09.2009 | 03.03.2010 | 182 |
| | | DZ2009/20-91 | 15.09.2009 | 16.09.2009 | 16.12.2009 | 91 |
| | | DZ2009/05-364 | 15.09.2009 | 16.09.2009 | 15.09.2010 | 364 |
| | | DO2009/06-0912 | 24.09.2009 | 28.09.2009 | 28.09.2012/2014 | 03/05 |

****Календарот е индикативен и истиот може да биде предмет на измени имајќи ги во предвид поместувањата кои можат да настанат поради верските и националните празници***

***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 3 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии) ****

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за државни записи) | | | | За различни износи | Варијабилниот процент се намалува од 0,14% до 0,10% ( мин 200 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје ( за државни обврзници) | | | | За различни износи | | Варијабилнииот процент се намлува од 0,14% до 0,10% ( мин 500 ден.) | |
| 4 | Капитал банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830<br>3134-060 | 3119-191<br>3124-288 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10% | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Статер банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.; макс.6000 ден) | 0,12% (мин.200 ден.; макс.6000 ден) | 200 ден. |
| 8 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 9 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |
| 10 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 11 | Централна кооперативна банка АД Скопје | Градски sиd, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | За различни износи | 0,10%-0,12% (мин. 500 ден) | 0,10%-0,12% (мин. 500 ден) | 500 ден. |
| 12 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 13 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 14 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 15 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | Водњанска бр.1 | 3212-927 | 5100-806<br>5100-889 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 16 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 17 | Т.Џ Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

**** Македонска банка за подршка на развојот а.д. Скопје не работи со клиенти

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 4 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| м-р Маја Парнарџиева-Змејкова | Државен советник | 02 3106-103 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106-293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106-381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106-171 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Филип Гривчевски | Front Office | 02 3106-774 | Filip.Grivcevski@finance.gov.mk |
| Владимир Димковски | Front Office | 02 3106-774 | Vladimir.Dimkovski@finance.gov.mk |